ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите Тања Милева, претседател на советот, м-р Лирие Елези Ајрулау и Александра Ристеска, членови на советот, со записничар Габриела Бондиќова, судски советник, во кривичниот предмет против обвинетиот Васил Јованов од С., за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 од Кривичниот законик и кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в член 22 од Кривичниот законик, постапувајќи по жалбите на Основното јавно обвинителство С. и на обвинетиот Васил Јованов изјавена преку бранитлот Панче Нефтенов адвокат од С., против решението на Основен кривичен суд Скопје К.бр.1439/24 од 31.07.2024 година, на нејавна седница одржана на ден 05.02.2025 година, согласно член 435 став 1 и член 434 од Законот за кривичната постапка донесе:

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на обвинетиот Васил Јованов од С., изјавена преку бранителот Панче Нефтенов адвокат од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ЖАЛБАТА на Основното јавно обвинителство С., СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО на Основниот кривичен суд Скопје К.бр.1439/24 од 31.07.2024 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА во делот на одлуката за кривичната санкција-изречената заводска мерка Упатување во воспитно-поправен дом и СЕ ПРЕСУДУВА така што обвинетиот Васил Јованов од С., кој со првостепеното решение е огласен виновен за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 1 од Кривичниот законик и кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в член 22 од Кривичниот законик, согласно наведените членови и одредбите на членовите 4, 32, 34, 35 и 39 од Кривичниот законик, за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 1 од Кривичниот законик, опишано во точка 1 од изреката на првостепената одлука и со примена на член 40 и 41 од Кривичниот законик, му се утврдува казна затвор во траење од 1-една година и за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в член 22 од Кривичниот законик, опишано во точка 2 од изреката на првостепената одлука, му се утврдува казна затвор во траење од 3-три години, па согласно член 44 став 2 точка 2 од Кривичниот законик, СЕ ОСУДУВА на ЕДИНСТВЕНА КАЗНА ЗАТВОР во траење од 3-три години и 10-десет месеци, во која казна согласно член 47 од КЗ му се засметува и времето поминато во притвор сметано од 02.04.2024 година до 31.07.2024 година.

Во останатиот дел, првостепената одлука, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот кривичен суд Скопје, со обжаленото решение обвинетиот Васил Јованов од С. го огласил виновен за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 1 од Кривичниот законик и кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в член 22 од Кривичниот законик, па согласно наведените членови и одредбите од членовите 4,6-а став 2, 29,30,31,32,39,40,41 и 44 од КЗ како и членовите 21,39,40,48,60 и 71 од Законот за правда на децата, му изрекол воспитна мерка-заводска мерка упатување во воспитно поправен дом Т.. Согласно член 48 став 3 и став 4 од Законот за правда на децата, обвинетиот во воспитно поправниот дом останува најмалку 6-шест месеци а најмногу 5-пет години, односно до наполнети 23 години, поточно најмногу до 12.08.2027 година. Согласно член 48-став 4 од Законот за правда на децата, времето поминато во притвор на обвинетиот Васил Јованов, сметано од 02.04.2024 година до 31.07.2024 година се засметува во времетраењето на заводската мерка-Упатување во воспитно поправен дом.

Обвинетиот го задолжил во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата на првостепениот суд да плати на име судски паушал износ од 5.000,00 денари како и да ги надомести трошоците на постапката, така што да плати износ од 3.233,00 денари на име трошоци за спровод на главната расправа од 29.07.2024 година и износ од 3.240,00 денари за спровод на главната расправва од 31.07.2024 година, а солидарно со обвинетата Л. Ј., за која е раздвоена кривичната постапка, да ги надомести и трошоците во вкупен износ од 10.160,00 денари. Согласно член 215 став 7 од КЗ од обвинетиот се одземаат една платежна картичка Visa на име на обвинетиот, една ќеса во која има 14 зипер ќесички со растителна материја која претставува опојна дрога марихуана со поединечна нето маса детално наведена во изреката на решението и две најлонски паковки со растителна материја која претставува опојна дрога марихуана со вкупна нето маса од 23,95 грама и една паковка со бела прашкаста материја со нето маса од 0,24 грама која преставува дрога кокаин, одземени со потврда за привремено одземени предмети од МВР СВР С. ЕНТ број ......... од 29.03.2024 година.

Незадоволен од првостепеното решение во делот под точка 2 од изреката, навремена жалба изјавил обвинетиот Васил Јованов, преку бранителот Панче Нефтенов, адвокат од С., со која го обжалува решението во тој дел поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка, погрешно утврдена фактичка состојба и поради повреда на Кривичниот законик, со предлог жалбата да се уважи обжаленото решение во делот под точка 2 да се приначи, на начин што ќе биде одбиен обвинителниот акт во тој дел.

Незадоволно од првостепеното решение Основното јавно обвинителство С.

изјавило навремена жалба со која го обжалува истото поради одлуката за кривичната санкција, со предлог жалбата да се уважи, обжаленото решение да се приначи во делот на одлуката за кривичната санкција, на начи нщто на обвинетиот ќе му се изрече построга кривична санкција.

Одговор на жалба е доставен од обвинетиот Васил Јованов преку бранителот Панче Нефтенов, адвокат од С., со кој во целост се оспоруваат жалбените наводи истакнати во жалбата на Основното јавно обвинителство С. и се предлага жалбата на ОЈО С. да се одбие како неоснована, жалата на бранителот на обвинетиот во однос на точка 2 од изреката да биде уважена и да биде потврдено решението по однос на изречената кривична санкција.

Вишото јавно обвинителство С. со писмен предлог КОЖ.бр.25.11.2024 година од 25.11.2024 година, предлага жалбаата на бранителот на обвинетиот Васил Јованов од С., адвокат Панче Нефтенов од С., изјавена против решението на Основниот кривичен суд Скопје К.бр.1439/24 од 31.07.2024 година да се одбие како неоснована. Жалбата на Основното јавно обвинителство С. да се уважи како основана. Решението на Оснониот кривичен суд Скопје Кбр.1439/24 од 31.07.2024 година да се преиначи во делот на одлуката за кривичната санкција, на начин што обвинетиот Васил Јованов кој со првостепената пресуда е огласен виновен за едно кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 1 од Кривичниот законик и едно кривично дело кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в член 22 од Кривичниот законик, ќе биде построго санкциониран.

Примерок од писмениот предлог на Вишото јавно обвинителство С. судот достави до одбраната на запознавање, со што е обезбедена еднаквоста на странките во постапката. Предлогот е примен од бранителот на ден 27.11.2024 година.

Апелациониот суд С., откако ги разгледа списите приложени кон предметот, обжаленото решение, жалбите, одговорот на жалбата и писмениот предлог на Вишото јавно обвинителство С., утврди:

Жалбата на Основно јавно обвинителство С., е основана.

Жалбата на обвинетиот изјавена преку бранителот, е неоснована.

Судот го разгледа жалбениот навод на обвинетиот за сторена суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од член 415 став 1 точка 11 од ЗКП, на околности дека оспорениот дел од обжалената одлука е противречна самата на себе и во истата не се наведени причините за решителните факти и доказите изведени на главната расправа, меѓутоа истиот не го прифати како основан, со оглед да обжалената одлука не содржи такви недостатоци поради кои не би

можела да се испита во однос на нејзината правилност и законитост, изреката е јасна и разбирлива, а во образложението се содржани доволно причини за утврдените решителни факти и заземените правни ставови на судот. Во таа смисла, првостепениот суд во образложението ги навел причините и фактите што ги ценел за докажани и од кои докази ги утврдил тие факти, така што одлуката може со сигурност да се испита во жалбена постапка. Имено, судот при донесувањето на одлуката врз основа на доказите изведени во текот на главната расправа ги утврдил решителните факти, образложувајќи кои факти и околности од кои докази ги утврдил, во образложението е дадена анализа и оцена на изведените докази кои се ценети поединечно и во рамките на една целина, а утврдената фактичка состојба наоѓа поткрепа во изведените и правилно ценети докази по однос на динамиката на случувањето на кривично-правните настани и преземените противправни дејствија од страна на обвинетиот.

Неосновани се жалбените наводи за погрешно утврдена фактичка состојба. Имено, по оцена на овој суд, првостепениот суд правилно ги применил одредбите од член 399 в.в. со член 15 од ЗКП, па откако извршил анализа на изведените докази, како поединечно, така и во склоп на една целина, ги утврдил решителните факти и за истите дал доволно образложени причини во образложението на обжаленото решение и со еднакво внимание ги испитувал и утврдил како фактите што го товарат обвинетиот, така и оние што му одат во корист, при што правилно постапил судот кога поклонил верба на доказите кои се поклопувале помеѓу себе и давале целосна слика за настанот, со што донел јасно и разбирливо решение, во врска со кривичните дела и кривичната одговорност на обвинетиот.

Утврдената фактичка состојба се оспорува со изјавената жалба од обвинетиот преку неговиот бранител, во која се наведува дека во конкретниот случај не е докажано дека обвинетиот заедно со обвинетата Л. Ј. неовластено заради продажба држеле наркотична дрога, од исказите на сведоците М. Д. и И. Н. не произлегува дека знаеле чиј е тој стан, ниту е докажано дека во станот се вршело производство и продажба на наркотична дрога.

Советот на овој суд ги ценеше ваквите жалбени наводи, меѓутоа истите не ги прифати како основани, од причина што првостепениот суд правилно ја утврдил фактичката состојба во предметот, прецизно опишана во изреката и образложението на обжалената одлука, врз основа на предложените и изведени материјални и вербални докази во текот на постапката на кои извршил сестрана анализа и оцена, како на секој доказ одделно, така и на сите докази заедно склоп на една целина, кои докази се надополнуваат еден со друг и даваат реална слика за настанот по однос на околностите за времето, местото и начинот на извршување на кривичните дела и по однос кривичната одговорност на страна на обвинетиот.

Видно од образложението на обжалената одлука е дека судот дал аргументирани причини поради кои прифатил дека обвинетиот го сторил

кривичното дело опишано во точка 2 од изреката заедно со обвинетата Л. Ј., за која постапката е раздвоена, повикувајќи се на потврдите за привремено одземени предмети број ........... и број ............ од 30.03.2024 година, од кои произлегува дека предметната наркотична дрога опишана во точка 2 од изреката е одземена од обвинетата Л. Ј. која се потпишала на потврдите, дека покрај наркотична дрога одземени се и две дигитални ваги со остатоци од наркотична дрога и дека одземената наркотична дрога претставува марихуана и кокаин, кој факт е утврден од спроведеното вештачење ТД ........., за кои дејствија впрочем, видно од списите на предметот, обвинетата Л. Ј. дала изјава за признавање на вина и била донесена пресуда врз основа на признание на вина.

Фактот дека обвинетиот имал контакт со предметната наркотична дрога опишана во точка 2 од изреката, а која се наоѓала во станот во центар на ул.„ _______“ број .... каде престојувала обвинетата Л. Ј. судот утврдил од извештајот од вештачење ДКТ -......... од МВР БЈБ од 05.04.2024 година, од кој неспорно произлегува дека со вештачење на траги од папиларни линии пронајдени на една проѕирна најлонска ќеса со 33 мали зипер кеси, на едната страна од проѕирната најлонска ќеса биле предизвикани траги од папиларни линии, кои при извршена детекција на хумани идентификациони траги при Одделот за форензички испитувања се утврдило дека биле погодни за идентификација на лице и дека истите потекнуваат токму од обвинетиот Васил Јованов, при што утврдено е дека, трагите означени со Л6 потекнуваат од показалецот на левата рака, трагите означени со Л 7 потекнуваат од дланка на левата рака, трагите означени со Л8 потекнуваат од палец на левата рака и трагите означени со Л9 потекнуваат од палец на десната рака. Оттука, имајќи го предвид наведеното правилен е заклучокот на првостепениот суд дека наркотичната дрога содржана во пронајдената најлонска ќеса со 33 мали зипер кери, а на кое се констатирани траги од папиларни линии и кои потекнуваат од обвинетиот Васил Јованов, ги држел обвинетиот заедно со обвинетата Л. Ј., во станот во кој престојувала обвинетата Л. Ј., а со оглед на видот, количината и бројот на зипер ќесите, упатува на правилноста на заклучокот на судот дека истите биле неовластено држени заради продажба.

Воедно, судот извршил анализа и на известувањето во врска со проследување на доказен материјал рег.бр........... од 30.03.2024 година на МВР БЈБ,СВР, ЕНТ ОЕКТР, во кој е констатирано дека на ден 29.03.2024 година околу 21,00 часот од страна на полициски службеници од ЕНТ на паркинг просторот на ул.„ __________“ позади зградата број ... било извршено легитимирање и преглед на лицата И. Н. и М. Д., при што истите доброволно предале и тоа И. една паковка со НН растителна материја, а М. две паковки со НН растителна материја, истите доброволно изразиле волја за соработка по што изјавиле дека пронајдените паковки кај нив биле во сопственост на обвинетиот Васил Јованов, а воедно ги посочиле двете локации каде што обвинетиот неовластено чувал поголема количина наркотична дрога марихуана и кокаин и од едниот од становите сведоците зеле паковки по претходен телефонски разговор со обвинетиот, по што истиот им посочил дека станот бил отворен, сами да влезат и да си земат, и дека

по издадени судски нареби бил извршен претрес покрај во станот на ул _________ и во станот на ул „_______ број ... во С. каде престојувала обвинетата Л. Ј., а каде обвинетиот чувал предмети кои потекнуваат од кривично дело.

При одлучувањето судот ги анализирал исказите на сведоците М. Д. и И. Н. дадени во текот на главната расправа, кои биле прогласени и за непријателски сведоци и вкрстено испрашани од страна на застапникот на обвинението, и притоа сведокот М. Д. потврдил дека е точно тоа што го изјавил пред ОЈО С., дека обвинетиот се познавал со обвинетата Л. и со истата соработувал при продажба на наркотична дрога, како и тоа дека постоел и друг стан во Ц. каде што обвинетиот имал контакт со обвинетата Л. и дека критичната вечер по барање на службените лица на МВР заедно со сведокот И. се упатиле на местото каде што живеела обвинетата Л., од која што побарале паковка дрога и во моментот кога истата му ја подала била фатена и лишена од слобода од ОСЛ на МВР, кој исказ се надополнува и со исказот на сведокот И. Н. во делот дека се познавала со обвинетиот Васил и со неговото друштво, дека во станот видела дека има марихуана, знаела и дека обвинетиот имал изнајмено уште еден стан на друга локација каде ја пренел целата роба и дека заедно со женско повозрасно лице се занимавале со продажба на дрогата, кој исказ судот го довел во корелација и со известувањето во врска со проследување на доказен материјал рег. Бр. ........... од 30.03.2024 година, записникот за претрес на дом и други простории бр. ........... од 29.03.2024 година, двете потврди за привремено одземени предмети и фотодокументацијата каде што е прикажана предметната дрога, начинот на кој истата била спакувана и спремна за продажба како и записникот за изршен преглед на лице превозно средство или багаж број ......... од 29.03.2024 година со кој се потврдуваат исказите на сведоците дека критичната вечер кога и пришле на обвинетата Л. и кога го спомнале името на обвинетиот Васил за тоа што се договориле дека истата од џебот извадила една зипер кесичка со НН растителена материја, кои докази анализирани во нивната севкупност, по оцена на овој суд неспорно упатуваат на правилноста на заклучокот на првостепениот суд дека обвинетиот ги превзел противправните дејствија опишани во време, место и начин како во точка 2 од изреката на обжаленото решение.

По мислење на овој суд, изведените и позитивно ценети докази, детално елаборирани во образложението на првостепеното решение, се со доволен доказен капацитет и релевантна доказна вредност, за да го потврдат во целост постоењето на решителните факти кои што првостепениот суд ги прифатил за утврдени и врз основа на кои ја засновал фактичката состојба изложена во обжаленото решение.

Во наведената смисла, правилно првостепениот суд не ја прифатил одбраната на обвинетиот, која е вградена и во жалбените наводи, а истакната во насока дека истиот негира дека се занимавал со продажа на наркотична дроага и дека не престојувал со обвинетата Л. во станот на ул.„ ________“ број ....., а од причина што така конципираната одбрана нема фактичка заснованост, односно поткрепа во доказите, напротив противречи на доказите на кои првостепениот суд поклонил верба и од кои ги утврдил решителните факти.

Предмет на оцена беа и останатите жалбени наводи со кои се оспорува правилноста на утврдената фактичка состојба, за кои советот на овој суд најде дека не се од влијание за поинакво одлучување.

Врз основа на правилно утврдената фактичка состојба во предметот, првостепениот суд правилно го применил материјалното право – Кривичниот законик, со оглед дека во дејствијата на обвинетиот прецизно опишани во точка 1 од изреката на обжаленото решение, се содржани битните елементи на кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 од Кривичниот законик, а во дејствијатаа на обвинетиот опишани во точка 2 од изреката на обжаленонто решение се содржани битните елементи на кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в. член 22 од Кривичниот законик, поради што и правилно постапил првостепениот суд кога за истите го огласил виновен како во изреката на обжалената одлука, давајќи аргументирани причини во образложението на истото по однос на правната оцена на кривичните дела и кривичната одговорност на обвинетиот, кои ги прифаќа и овој суд.

Советот на овој суд ги ценеше жалбените наводи истакнати во жалбата на Основното јавно обвинителство С. по однос на одлуката за кривичната санкција, во смисла дека првостепениот суд изрекувајќи му на обвинетиот заводска мерка, во недоволна мера ги ценел отежнувачките околности наспроти олеснувачките околности кои постојат на страна на обвинетиот, односно дека при одмерување на санкцијата, првостепениот суд се раководел само од олеснувачките околности кои не се доволни за да го оправдаат нискиот степен на општествен прекор кон обвинетиот иако утврдил дека постојат низа отежнувачки околности на страна на обвинетиот и за истите најде дека се основани.

Имено, имајќи ги предвид видот, природата и карактерот на кривичните дела, тежината на истите, пропишаната казна затвор, степенот на кривична одговорност на обвинетиот, јачината на загрозеното добро, општествената опасност од аспект на позачестено извршување на овие кривични дела, побудите за сторување на кривичните дела, односно можноста за брза заработка која ја овозможува подажбата на наркотичната дрога, однесувањето на обвинетиот по сторените кривични дела и во таа насока негирањето на неговата инволвираност во истите, објектот на заштитното добро - односно здравјето на луѓето како и начинот и околностите под кои се сторени кривичните дела, видот и количината на наркотичната дрога марихуана и кокаин, во корелација со околностите кои се однесуваат на личните, семејните и материјалните прилики на обвинетиот, кој во време на изршување на кривичните дела бил на возраст од .... години, со завршено средно образование, студент, невработен, неимотен и досега не е осудуван, по наоѓање на овој суд, а како и основано се истакнува во жалбата на ОЈО С. наведените околности анализирани во нивната севкупност и ценети од аспект на нивниот интензитет и значење, упатуваат на заклучокот дека целта на

казнувањето во конкретниот случај не може да се оствари со изречената заводска мерка и дека во конкретниот случај е потребно изрекување на казна затвор со која ќе се изврши доволно воспитно влијание врз обвинетиот во иднина да не се јавува како сторител на вакви и слични кривични дела, како и позитивно ќе се влијае и на планот на генералната превенција со што ќе се постигнат целите на казнувањето предвидени во член 32 од Кривичниот законик.

Имајќи го предвид наведеното, советот на овој суд одлучи жалбата на Основното јавно обвинителство С. да ја уважи, а обжалената пресуда да ја преиначи во делот на одлуката за кривичната санкција така што на обвинетиот за стореното кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 од КЗ, опишано во точка 1 од изреката на првостепената одлука, му утврди казна затвор во траење од една година, со примена одредбите за ублажување на казната од член 40 и 41 од КЗ, која казна сепак поради околностите поврзани со личноста на обвинетиот, неговите лични, семејни и материјални прилики и во тој контекст утврдените факти по однос на видот и количината на наркотичната дрога што неовластено заради продажба ја држел, односно дека станува збор за наркотичната дрога –марихуана со поединчна нето маса од 1,24 грама, 1,19 грама, 1,38 грама, 1,31 грама, 0,58 грама, 1,14 грама, 1,22 грама, 1,28 грама 1,27 грама, 1,14 грама, 1,21 грама, 1,27 грама, 1,21 грама, и 1,17 грама и две најлонски паковски со опојна дрога марихуана со вкупна нето маса од 23,95 грама и една паковка со кокаин од 0,24 грама оправдано е под долната граница од пропишаната казна за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 од КЗ, односно е под границата на посебниот законски минимум од три години, додека за дејствијата опишани во точка 2 од изреката на обжалената одлука, за стореното кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 в.в. член 22 од КЗ му утврди казна затвор во траење од 3-три години, имајќи го предвид видот и карактерот на наркотичната дрога- марихуана со вкупна нето маса од 279,3 грама, кокаин со нето маса од 16,43 грама и и две дигитални ваги со остатоци од наркотична дрога кокаин и марихуана, како и фактот дека предметното кривично дело е извршено во соизвршителство со обвинетата Л. Ј., па согласно член 44 став 2 точка 2 од КЗ, за двете кривични дела сторени во стек, го осуди на единствена казна затвор во траење од 3-три години и 10-десет месеци, во која казна согласно член 47 од КЗ му се засметува и времето поминато во притвор сметано од 02.04.2024 година до 31.07.2024 година, оправдано очекувајќи дека со вака изречената казна ќе се изврши доволно воспитно влијание врз обвинетиот во иднина да не се јавува како сторител на вакви и слични кривични дела, како и дека позитивно ќе се влијае на планот на генералната превенија, со што ќе се постигнат целите на казнувањето предвидени во член 32 од Кривичниот законик. По мислење на советот на овој суд вака одмерената казна е адекватна на тежината на сторените кривични дела и личноста на обвинетиот кој се јавува ако примарен сторител и истата ќе претставува адекватен општествен прекор за преземените противправни дејствија од негова страна.

Со оглед на сето погоре наведено, а согласно член 435 став 1 и член 434 од ЗКП, се одлучи како во изреката на оваа пресуда.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД С., «КЖ-1047/24» од «05.02.2025» година.

Записничар,<br>Габриела Бондиќова, с.р.

Претседател на совет-судија,<br>Тања Милева, с.р.